СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 15 мај 1963
Скопје
Број 18 Год. XIX

Претплатата за 1963 год. изнесува 1.800 дин. Овој број чини 32 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

103.

На основа членот 2 од Основната уредба за установите со самостојно финансирање („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 51/53), Извршниот совет донесува

УРЕДБА
ЗА РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА ПРОДУКТИВНОСТ НА ТРУДОТ

Член 1

Заводот за продуктивност на трудот, основан со Решението за основање на Завод за продуктивност на трудот („Службен весник на НРМ“ бр. 30/56), продолжува со работата како самостојна установа под име: Републички завод за продуктивност на трудот (во натамошниот текст: Завод).

Седиштето на Заводот е во Скопје.

Член 2

Задачата на Заводот е да го проучува влијанието на општествените, економските, организационите и техничките фактори на производството врз продуктивноста на трудот, економичноста и рентабилноста на работењето на работните организации и врз развојот на социјалистичките односи во работните колективи.

Член 3

Во остварувањето на својата задача Заводот ги врши особено овие работи:

1) ги проучува и анализира општествено-економските односи во работните организации;

2) ги проучува основите и мерилата за расподелбата на чистиот приход на средства за лични доходи и фондови и за расподелба на средствата на лични доходи на работниците, нивното влијание врз остварувањето на принципот на расподелбата според трудот, врз развојот на односите меѓу членовите на работниот колектив, врз зголемувањето на продуктивноста на трудот, како и врз распределбата на доходот помеѓу општествената заедница и работната организација;

3) ја проучува организацијата на работните организации, нивните сектори и служби и методите на раководењето како и нивното дејство врз унапредувањето на процесот на производството, работењето, продуктивноста на трудот и работничкото самоуправување и им дава стручна помош;

4) изработува и ги унапредува методите за мерење на продуктивноста на трудот, како и на економичноста и рентабилноста на работењето на работните организации и го анализира движењето на продуктивноста на трудот;

5) го проучува трудот, го мери времето, изготвува и развива методи за нормирање и рационализација на трудот;

6) изработува методи за самостојно планирање во работните организации, подготовка на производството, како и за контрола на производите, користејќи ги научните методи;

7) ја проучува организацијата на технолошките процеси на производството, а особено во поглед искористувањето на капацитетите, специјализацијата, стандардизацијата, кооперацијата и автоматизацијата, како и внатрешниот транспорт;

8) анализира и врши аналитичка процена за вредноста на работата на работните места, врши оцена на личноста за работното место од аспект на психофизички и други фактори од работењето;

9) дава стручна помош во организацијата на кадровските служби и центрите за стручно образование на работниците во работните организации, анализирајќи ја структурата и профилите на кадрите во работните организации во зависност од движењата и промените што настануваат од аспект на продуктивноста и економичноста на трудот;

10) оспособува раководен и други кадри за работа во работните организации;

11) ја проучува и анализира ефикасноста на заштитните средства при работата од гледиштето на обезбедување пораст на продуктивноста на трудот и економичност на работењето;

12) соработува со соодветните установи и заводи во земјата со цел за размена на стечените искуства и за развивање и унапредување на техничката помош.

Заводот врши и други работи од областа на продуктивноста на трудот што ќе му ги довери Извршниот совет.

Член 4

Заводот има својство на правно лице.

Член 5

Органи на управување на Заводот се: совет, управен одбор и директор.

Член 6

Советот на Заводот донесува статут на Заводот, ги утврдува плановите и програмите за работа на Заводот, го утврдува финансискиот план на Заводот, дава согласност на завршната сметка на Заводот, ја претресува работата на Заводот и дава согласност за одделни правилници на Заводот.

Член 7

Советот на Заводот може да има од 17 до 21 член.

Извршниот совет именува членови на Советот од редот на претставниците на Републичката стопанска комора, Сојузот на Синдикатите за Македонија и заинтересираните работни организации, како и од редот на јавните, научните и стручните работници.

Работниот колектив на Заводот избира од редот на своите членови најмногу три члена на Советот.

Советот од редот на своите членови избира претседател на Советот.

Директорот на Заводот по својот положај е член на Советот.

Член 8

Мандатот на членовите на Советот трае две години.

Член 9

Управниот одбор изработува предлог на Статут на Заводот; во согласност со Советот донесува правилници за личните доходи и за работните односи составува предлог на план и програма за работа; составува предлог на финансиски план и завршна сметка; ја утврдува висината на надоместокот за услугите на Заводот; поставува раководни лица и трудбеници на Заводот и решава за приговорите против актите за работните односи што ги донесува директорот.

Член 10

Управниот одбор има 7 членови, кои работниот колектив ги избира од редот на своите членови.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае една година.

Директорот на Заводот по својот положај е член на Управниот одбор.

Член 11

Советот и Управниот одбор своите одлуки ги донесуваат на седници со мнозинство гласови на присутните членови.

Советот односно Управниот одбор, може полноважно да решава ако е присутно мнозинството од нивните членови.

Член 12

Директорот непосредно раководи со работата на Заводот и ја организира неговата работа.

Директорот ги спроведува заклучоците на Советот и на Управниот одбор во согласност со постојните прописи и Статутот на Заводот.

Извршниот совет по предлог на Советот на Заводот именува директор на основа на конкурс.

Член 13

Заводот има свој Статут.

Статутот на Заводот особено содржи одредби за организацијата и работата на Заводот, за правата и должностите на органите на управувањето и за финансирањето, финансиското работење и фондовите на Заводот.

Член 14

Заводот остварува приходи од надоместоци за услугите што ги врши во рамките на својата дејност.

Член 15

Заводот не пресметува и не плаќа интерес на деловниот фонд и придонес од доходот.

Член 16

Надзор над законитоста на работата на Заводот врши Секретаријатот за труд на Извршниот совет.

Член 17

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Решението за основање на Завод за продуктивност на трудот „Службен весник на НРМ“ бр. 30/56).

Член 18

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 09-744/1
23 март 1963 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, **Филип Брајковски**, с. р. Претседател, **Александар Грличков**, с. р

104.

На основа глава X оддел 1 точка 4 и 10 од Општествениот план за стопанскиот развиток на Народна Република Македонија за 1963 година, во врска со Одлуката за определување носител на кредитот даден на НР Македонија од Општиот инвестиционен фонд за унапредување стопанскиот развиток на недоволно развиените подрачја и точка 2 од Одлуката за расподелба на средствата од кредитот од Општиот инвестиционен фонд наменети за унапредување развитокот на недоволно развиените подрачја, Извршниот совет донесува

ОДЛУКА

ЗА НАМЕНАТА, УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ДАВАЊЕ КРЕДИТИ ЗА ИНДУСТРИЈА И РУДАРСТВО ОД СРЕДСТВАТА НА КРЕДИТОТ ДАДЕН НА НР МАКЕДОНИЈА ОД ОПШТИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ СТОПАНСКИОТ РАЗВИТОК НА НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

I

Кредитите за индустрија и рударство од средствата дадени на НР Македонија од Општиот инвестиционен фонд наменети за унапредување стопанскиот развиток на недоволно развиените подрачја ќе се даваат за намените, под условите и на начинот определен со оваа одлука.

II

Кредитите од претходната точка ќе се даваат: за кредитирање изградбата на започнатите објекти за давање кредити за реконструкции, проширувања и за нови објекти; за учество во средствата од Општиот инвестиционен фонд како и за студии и истражувања во рударството.

III

Средствата наменети за студии и истраги, Стопанската банка на НР Македонија ќе ги даде во вид на кредит на Републичкиот фонд за истражувачки работи, со рок на враќање од 30 години и интересна норма од 1%.

IV

Кредитите ќе ги дава Стопанската банка на НР Македонија по пат на конкурс кој го распишува Банката во согласност со Одборот за општи стопански работи на Извршниот совет.

V

Кредитите ќе се даваат под услов инвеститорите од свои средства или средства добиени од други извори да обезбедат учество од најмалку 30% од вкупниот износ на трошоците на инвестицијата.

VI

Кредитите ќе се одобруваат со рок за враќање кој не може да биде подолг

— за нови објекти 20 год.

— за реконструкција и проширување 15 год.

Најниската интересна норма која треба да се понуди при поднесувањето на барањето е интересната норма која кредитобарателот ја плаќа на својот деловен фонд зголемена за 1.

Се овластува Стопанската банка на НР Македонија роковите за враќање и интересната норма по одобрените кредити на индустријата и рударството на непосредните корисници од Сојузните средства наменети за развиток на недоволно развиените подрачја во текот на 1961 и 1962 година да ги сообрази со одредбите за интересната норма и рокот за враќање од оваа одлука.

VII

Првенство во давање кредити имаат кредитобарателите кои што:

— со инвестицијата овозможуваат ефикасно прилагодување на производството на потребите на домашниот и странскиот пазар;

— обезбедуваат брзо ефектуирање на инвестицијата;

— обезбедуваат релативно пониски инвестициони вложувања по единица капацитет;

— понудат поголемо сопствено учество, пократок рок за враќање на кредитот и повисока интересна норма;

— обезбедат поголема стопа на рентабилитетот.

VIII

Кредитобарателите од стопански неразвиените подрачја односно општини определени со Општественио план за стопанскиот развиток на НР Македонија за 1961—1965 година во колку еднакво со другите ги исполнуваат условите од претходната точка, имаат првенство во добивање на кредит.

Кредитобарателите од претходниот став се ослободени од плаќање на сопствено учество и гарантен износ.

IX

Барањата за кредит од средствата од точка 1 на оваа одлука поднесени по 31 март 1962 година ќе се разгледуваат и одобруваат под условите определени со оваа одлука.

X

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-1039/1

23 април 1963 година

Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, **Филип Брајковски**, с. р.

Претседател, **Александар Грличков**, с. р.

Оіласен дел

СООПШТЕНИЕ

Адвокатската комора на Македонија — Скопје, на ден 9 јуни 1963 година во Синдикалното одморалиште Сарај, ќе го одржи своето XIII редовно годишно собрание.

Се канат сите адвокати од Македонија да присуствуваат на собранието што ќе отпочне во 9 часот.

Собранието ќе се одржи со дневниот ред што е доставен на сите адвокати во Македонија.

Од Адвокатската комора на Македонија — Скопје

ЈАВНИ НАДДАВАЊА

Фабриката за заврткн и навртки „Тане Цалески" — Кичево

распишува

ПРВО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

за изградба на градежниот дел за објектите на Фабриката за заврткн и навртки „Тане Цалески" Кичево.

Претсметковна вредност:

а) објекти во кругот на фабриката	Дин. 325.062.000.—
б) станбена зграда	„ 20.000.000.—
Вкупно динари:	345.062.000.—

Наддавањето ќе се одржи на ден 8. VI. во 10 часот во просториите на Комуналниот завод за социјално осигурување — Кичево.

Учесниците се должни на наддавањето да достават:

1. Писмени понуди во затворени коферти,
2. Полномошно за учесникот на наддавањето,
3. Гарантно писмо од Народната банка во износ од 1% од претсметковната вредност на работите,
4. Потврда за регистрација на претпријатието,
5. Список на кадрите што ќе бидат директно ангажирани од страна на изведувачот при изградбата на овие објекти.

Условите на наддавањето можат да се добијат во дирекцијата на инвеститорот во Кичево, секој ден од 11 до 15 часот. **(514)**

Комисијата за распишување на лицитација формирана од страна на Управниот одбор на Прехранбениот комбинат во изградба „Овче Поле" — Свети Николе, распишува

I ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

по пат на прибирање на понуди за изградба на ИНДУСТРИСКИ КОЛОСЕК — приклучок на железничката станица Овче Поле до кругот на Фабриката за сточна храна

Понудите се примаат 15 дена од денот на објавување на овој конкурс преку пошта или директно доставување во запечатени коверти на кои се става „индустриски колосек".

Отворањето на понудите ќе се изврши во присуство на понудувачите на вториот ден по заклучување на конкурсот во просториите на НОО — Свети Николе.

Условите на наддавањето се:

— да е регистрирано за вршење на вакви работи,

— рок на завршување на работите три месеци и

— полномошно.

Заинтересираните можат да ги разгледаат проектите и условите на лицитацијата во просториите на Комбинатот секој работен ден од 7 до 14 часот.

КОНКУРСИ

КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА НА ОКОЛИСКИОТ ОДБОР НА ЦРВЕНИОТ КРСТ — СКОПЈЕ

распишува

КОНКУРС

за пополнување на работното место ШЕФ НА СМЕТКОВОДСТВОТО при Одборот

Услови: Завршен економски факултет или средно економско училиште со најмалку 5 (пет) години практика во струката.

Настап на работа од 1 јуни 1963 година.

Плата според Законот за јавните службеници, а положајната плата според одлуката за рамките на положајните плати на службениците при Околискиот одбор на Црвен крст — Скопје.

Молбите со кратка биографија и документите по чл. 31 од ЗЈС се примаат до пополнување на работното место. (481)

СОВЕТОТ НА ШУМАРСКИОТ ИНСТИТУТ — СКОПЈЕ

распишува

КОНКУРС

за пополнување на работното место:

— еден АСИСТЕНТ по фитоценологија и мелиорација на шумите.

Услови: Завршен шумарски факултет, со практика најмалку од две години од областа на шумарството.

Конкурсот трае 15 дена од објавувањето.

Пријавите се поднесуваат до Шумарскиот институт — Скопје. (483)

КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ПРИ ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО КУМАНОВО

распишува

КОНКУРС

за пополнување на работното место ПЕДАГОГ во Центарот — 1 службеник

УСЛОВИ:

а) Кандидатите треба да имаат завршено филозофски факултет — група педагогија;

б) Да ги исполнуваат условите предвидени во член 31 од Законот за јавните службеници.

Молбите таксирани со 50 дин. таксена марка и куса биографија да се доставуваат до Центарот за социјална работа во Куманово.

Конкурсот има важност 15 дена, сметано од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ". (486)

СОВЕТОТ ЗА ПРОСВЕТА И КУЛТУРА НА НОО — ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ВО СОГЛАСНОСТ СО УЧИЛИШНИТЕ ОДБОРИ

распишува

РЕДОВЕН КОНКУРС

за пополнување на слободните места на наставниот персонал во училиштата на подрачјето на Општината Ѓорче Петров за учебната 1963/64 г.

I. УЧИЛИШТА СО МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК

1. Основно училиште „Мирче Ацев" — Ѓ. Петров

— наставник по историја и географија 1

2. Основно училиште „Моша Пијаде" — Ѓ. Петров

— наставник или професор по макед. јазик 1

— наставник по историја и географија 1

— наставник или професор по мат. и физика 2

— наставник или стручен учител за физичко и здравствено воспитување 1

— наставник по ликовно воспитување 1

3. Основно училиште — с. Кучково

— наставник или професор по макед. јазик 1

— наставник или професор по француски и српски јазик 1

4. Основно училиште — с. Сарај

— наставник по математика и физика 1

— наставник по македонски јазик 1

— наставник или стручен учител по физичко и здравствено воспитување 1

5. Основно училиште за возрасни „Ѓуро Салај" Ѓорче Петров

— управител на училиштето со часови 1

— наставник по математика и физика 1

II. УЧИЛИШТА СО ШИПТАРСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК

1. Основно училиште — с. Сарај

— наставник по шиптарски јазик 1
— наставник по историја и географија 1
— наставник по општотехничко и ликовно образование 1

2. Основно училиште — с. Рашче

— наставник по шиптарски јазик 1
— наставник по француски и мак. јазик 1
— наставник по математика и физика 1
— наставник по историја и географија 1
— наставник по биологија 1
— наставник по ликовно и општотехничко образование 1

3. Основно училиште — с. Радуша

— наставник по шиптарски и макед. јазик 1
— наставник по математика и физика 1
— наставник по историја и географија 1
— наставник по биологија 1

4. Основно училиште — с. Буковиќ

— наставник по шиптарски и макед. јазик 1
— наставник по математика и физика 1

УСЛОВИ:

За управител на училиштето со завршена ПА — група биологија, положен стручен испит, над пет години практика во струката и три години на раководно место;

За наставници со завршена ПА — соодветна група, за Ѓорче Петров и положен стручен испит, освен по предметот математика и физика;

За с. Сарај предимство имаат кандидатите што ги познаваат и двата јазика;

За професор со завршен факултет од соодветна група и положен стручен испит за Ѓорче Петров, освен по предметот математика и физика. Но и по овој предмет предност имаат кандидатите со положен стручен испит.

ПОСЕБНИ УСЛОВИ

Наставниците и професорите на село имаат обезбедено бесплатен стан и огрев, освен во село Сарај.

Заинтересираните кандидати треба да се јават до училишните одбори.

Кон молбата треба да бидат приложени податоците и доказите по член 17 од Правилникот за спроведување на конкурсите.

Некомплетираните молби нема да се земаат во разгледување.

Во молбата треба да се назначи точната адреса на кандидатот во времето од 15—25 јуни 1963 година.

Рок за пријавување по конкурсот е 31-V-1963 година. (484)

РЕДОВЕН КОНКУРС

за пополнување на слободните места на наставниот и воспитниот персонал во школите од подрачјето на Народниот одбор на општината Валандово

I. Основно училиште „Јосип Броз Тито", Валандово

1. Управител на училиштето 1
2. Наставник по македонски и српски јазик 1
3. Наставник по биологија и хемија 1
4. Наставник по руски јазик 1
5. Наставници по математика 2
6. Наставник по француски јазик 1
7. Наставник за ликовно воспитување 1
8. Наставник за физичко воспитување 1
9. Наставник по историја 1
10. Наставник за музичко воспитување 1
11. Учител за нижите одделенија 1
12. Учители за забавиште 2

УСЛОВИ:

За управителот завршен филозофски факултет — педагошка група, за наставниците филозофски факултет или ВПШ, за стручните наставници стручна спрема по предметот, а за учители завршена учителска школа со положен државен испит.

II. Основно училиште „Страшо Пинџур", Јосифово

1. Управител на училиштето 1
2. Наставник по македонски јазик 1
3. Наставник по историја, географија и општество 1
4. Наставник по руски и српски јазик 1
5. Наставник по математика и физика 1
6. Наставник по хемија, биологија и запознавање на природата 1
7. Наставник по општотехничко и физичко воспитување 1
8. Учители за нижите одделенија 2

УСЛОВИ:

За управителот звање наставник или учител со положен стручен испит и над 10 години учителска практика, за наставниците да имаат завршено ВПШ, за стручните наставници стручна спрема по предметот, а за учители, со звање учител со положен испит или без стручен испит но да имаат над 10 години учителска практика.

III. Основно петгодишно училиште „Гоце Делчев" — Пирава

1. Управител 1
2. Учители 4

УСЛОВИ:

За учителите да имаат завршено учителска школа со положен државен испит а за управител наставник со ВПШ.

IV. Основно училиште „Коста Делев" — Градец

1. Учител за работа со комб. паралелка 1

V. Основно училиште „Јане Сандански" — Грчиште

1. Учител за комб. паралелка од 4 оддел. 1

VI. Основно училиште „Моша Пијаде" — Дедели

1. Учител за комб. паралелка од 4 оддел. 1

ЗАБЕЛЕШКА: За селата Градец и Грчиште се дава посебен додаток од 2.000 до 5.000 динари. (485)

На основа чл. 144 и 145 од Законот за јавните службеници и чл. 10 од Правилникот за спроведување на конкурсите за пополнување на местата на наставниот и воспитниот персонал во училиштата и другите воспитни установи, Комисијата за распишување на конкурси при Народниот одбор на општината Градско

распишува

КОНКУРС

за пополнување на упразнетите работни места на наставно-воспитниот персонал за 1963/1964

учебна година

1. Основно осумгодишно училиште — Градско

— наставник по математика 1
— наставник по физика и хемија 1
— наставник по запознавање на природата 1
— наставник по историја и општество 1
— наставник по географија 1
— наставник по француски јазик 1
— наставник по музичко воспитување 1
— наставник или учител за резерва 1

2. Основно осумгодишно училиште — с. Росоман

— наставник по македонски јазик 1
— наставник по српско-хрватски јазик 1
— наставник по француски јазик 1
— наставник по историја 1
— наставник по математика и физика 1
— наставник по биологија и хемија 1
— наставник по музичко воспитување 1
— наставник по општ.-техничко образование 1
— наставник по ликовно воспитување 1
— стручен учител по основи на физичкото и здравственото воспитување 1

3. Основно седумгодишно училиште — с. Д. Чичево

— наставник по биологија и хемија 1
— наставник по македонски и српски јазик 1
— наставник по историја и географија 1

4. Основно седумгодишно училиште — с. Сирково

— наставник по математика и физика 1
— наставник по хемија и биологија 1
— наставник по македонски и српски јазик 1

УСЛОВИ: За наставници кандидатите треба да имаат завршена ВПШ, а документите по чл. 31 од ЗЈС со молбата таксирана со 50 дин. таксена марка да ги доставаат до училишните одбори на училиштата.

Во училиштата: Градско, Росоман, Долно Чичево и Сирково постои и електрично осветление.

(487)

СОВЕТОТ ЗА ПРОСВЕТА НА НАРОДНИОТ ОДБОР НА ОПШТИНАТА КОНОПИШТЕ, ТИТОВ-ВЕЛЕШКА ОКОЛИЈА

распишува

КОНКУРС

за пополнување на слободните места за воспитниот персонал за учебната 1963/64 година за подрачјето на општината Конопиште и тоа:

I. ОСУМГОДИШНО УЧИЛИШТЕ „ИЛИНДЕН" — с. ГОРНА БОШАВА

1. математика — — — — — 1 наставник
2. физика и опш. тех. образование 1 наставник
3. македонски јазик — — — 1 наставник
4. физичко и ликовно воспитување — — — — — — — 1 наставник

II. Услови: Да имаат завршено ВПШ.

Молбите се поднесуваат до управниот орган на училиштето, таксирани со 50 динари таксена марка.

(477)

На основа чл. 224 од Законот за јавните службеници („Сл. лист на ФНРЈ" бр. 53/57) и Упатството за спроведување на конкурсите за пополнување на местата на наставниот и воспитниот персонал („Сл. лист на ФНРЈ" бр. 13/58) и на основа на решенијата, донесени од училишните одбори на подрачјето на општина Жеровјане, Народниот одбор на општината Жеровјане

распишува

РЕДОВЕН КОНКУРС

за пополнување на упразнетите места во училиштата на подрачјето на општината Жеровјане за учебната 1963/64 година и тоа:

Основно осумгодишно училиште — с. Челопек

Настава на шиптарски наставен јазик во виши одделенија:

1. Наставник по шиптарски јазик — — — — 1
2. Наставник по македонски јазик — — — 1
3. Наставник по француски јазик — — — 1
4. Наставник по математика и физика — — 1
5. Наставник по историја и географија — — 1
6. Наставник по музика и ликовно воспитување 1
7. Наставник по политехника — — — — — 1

Настава на македонски наставен јазик во виши одделенија:

1. Наставник за математика и физика — — 1
2. Наставник по историја и географија — — 1
3. Наставник за ликовно и музичко воспитување 1
4. Наставник по биолошка група — — — — 1

УСЛОВИ:

Да имаат завршено ВПШ или пак оформено учителско образование со најмалку 5 години практика во виши одделенија.

Настава на македонски наставен јазик во нижи одделенија:

1. Учители со завршено учителско образование 3

Настава на шиптарски наставен јазик во нижи одделенија:

1. Учители со оформено учителско образование 2

Основно училиште — с. Пирок — Градец

Настава на шиптарски наставен јазик:

1. Учители за водење на одделенска настава 3
2. Наставник по биологија и математика — — 1
3. Наставник по предметите: политехника, физичко, ликовно и музичко воспитување 1
4. Наставник по историја и географија — — 1

Подрачни паралелки во с. Горјане — Ѓурѓевиште:

1. С. Горјане, учител — — — — — — — 1
2. С. Ѓурѓевиште, учители — — — — — — 2

УСЛОВИ:

За наставниците: да имаат завршено ВПШ.

За учителите: да имаат оформено учителско образование.

Основно осумгодишно училиште — с. Боговиње

Настава на шиптарски наставен јазик:

1. Наставник по математика — — — — — 1
2. Наставник по физика и хемија — — — 1
3. Наставник по биологија — — — — — 1
4. Наставник по историја — — — — — — 1
5. Наставник по географија — — — — — 1
6. Стручен учител по ликовно и музичко воспитување — — — — — — — — 1
7. Стручен учител по општо-техничко образование — — — — — — — — — — 1

УСЛОВИ:

Кандидатите од ред. бр. 1 до 5 да имаат завршено ВПШ.

Кандидатите од ред. бр. 6 до 7 да имаат завршено стручна школа со најмалку 3 години практика.

Подрачна паралелка — с. Камењане:

1. Учители — — — — — — — — — — 3

Подрачна паралелка — с. Раковец:

1. Учители — — — — — — — — — — 2

Подрачна паралелка — с. Ново Село II:

1. Учители — — — — — — — — — — 2

Подрачна паралелка — с. Селце Кеч:

1. Учител — — — — — — — — — — 1

УСЛОВИ:

Сите кандидати треба да имаат завршено учителска школа.

Основно училиште — с. Д. Палчиште:

Настава на шиптарски наставен јазик:

1. Учители — — — — — — — — — — 3

Подрачна паралелка — с. Новаке:

1. Учител — — — — — — — — — — 1

УСЛОВИ:

Да имаат оформено учителско образование.

Основно училиште — с. Неготино:

Настава на шиптарски наставен јазик:

1. Учители — — — — — — — — — — 3

УСЛОВИ:

Сите кандидати потребно е да имаат оформено учителско образование.

ОПШТИ УСЛОВИ:

На учителите во селата им припаѓа бесплатен стан и огрев, во колку ги исполнуваат условите по Одлуката за бесплатен стан и огрев. Исто така на наставниот персонал во селата: Ѓурѓевиште, Ново Село, Селце Кеч, Новаке, во кои условите за живот се тешки им следува посебен додаток според решението на Советот за просвета на Народниот одбор на општината.

Заинтересираните кандидати треба да се јавуваат до школските одбори. Можат да се поднесуваат молби и до повеќе школски одбори, но во секоја молба кандидатот е должен да наведе во која школа би сакал најповеќе да биде примен.

Кон молбата треба да бидат приложени и следните документи:

1. податоци за движењето во службата,
2. документи со коишто се потврдуваат разлозите поради што се бара примањето на служба — во колку ги има,
3. документи за школски и стручни квалификации,
4. препис од оценките за работата во последните три години, во колку не се бара прво назначување,
5. сите документи предвидени по чл. 31 од Законот за јавните службеници, за лица што прв пат стапуваат на служба.

Во молбата треба да биде наведена точната адреса на боравењето на кандидатот во времето од 1 до 20 јуни 1963 година.

Рок за пријавување на конкурсот е од денот на неговото објавување до 31 мај 1963 година.

Совет за просвета на Народниот одбор на општината Жеровјане

(488)

УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА РУДАРСКО-ГЕОЛОШКОТО ТЕХНИЧКО УЧИЛИШТЕ СКОПЈЕ

распишува

РЕДОВЕН КОНКУРС

за пополнување на упразнетите работни места за наставен кадар во Рударско-геолошкото техничко училиште во Скопје, за учебната 1963/64 година и тоа:

1. Професор по литература и македонски јазик — — — — — — — — — 1
2. Професор по историја и општествено уредување — — — — — — — — — 1
3. Професор, наставник или стручен учител по физичко воспитување и предвојничка обука — — — — — — — — — 1
4. Професор по математика — — — — 1
5. Професор, наставник или стручен учител по топографско цртање, геодезија и рударски мерења — — — — — — — 1
6. Професор по хемија, познавање на материјали и физика — — — — — — 1
7. Професор или наставник по механика и електротехника — — — — — — — 1
8. Професор по рударство, рударски машини и ХТЗ — — — — — — — — 1
9. Наставник или учител по практика — — 1

УСЛОВИ:

За работните места под точка 1, 2, 4, 6 и 8 се бара висока школска спрема;

За работните места под точка 3, 5 и 7 се бара виша или средна стручна спрема;

За работното место под точка 9 се бара виша стручна педагошка школа или ВК работник во машинска и електро струка со повеќе години практика.

На наставниот персонал по стручно-теоретските предмети математика, физика, хемија и практична работа им следува одделен додаток.

Станови не се обезбедуваат, нити се признаваат патни и селидбени трошоци.

Заинтересираните кандидати молбите со куса биографија, потребните документи по чл. 31 од ЗЈС и оценувачките листови за последните две години да ги доставаат до Училишниот одбор на Рударско-геолошкото техничко училиште во Скопје, поштенски фах 342.

Рок за пријавување на конкурсот е 31 мај 1963 година. (513)

ЗАВОДОТ ЗА ЗАПОСЛУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИ ЗА ОПШТИНИТЕ ОД СКОПСКА ОКОЛИЈА — СКОПЈЕ

распишува

КОНКУРС

за пополнување на следните работни места:

1. Секретар
2. Управител-психолог на Центарот за професионална ориентација и професионално просветување
3. Референт — аналитичар
4. Раководител — референт во испостава „Петровец".

УСЛОВИ:

За работното место под број 1) да има завршено правен факултет со работен стаж над 3 години;

За работното место под број 2) да има завршено филозофски факултет — група психологија со работен стаж над 3 години;

За работното место под број 3) да има завршено економски факултет со работен стаж над 3 години, или виша стручна спрема со работен стаж над 5 години;

За работното место под број 4) да има виша или средна стручна спрема; предимство имаат со виша управна или социјална школа со работен стаж над 5 години;

За работните места под точка 1 и 2 можно е да се решава прашањето на стан.

Принадлежностите се исплатуваат по Законот за јавните службеници, а положајната плата по Одлука за положајните плати, донесена од Советот на овој Завод.

Кандидатите кон молбата да доставаат лична биографија и документи по чл. 31 од Законот за јавните службеници.

Конкурсот ќе трае 15 дена од денот на објавувањето, а во колку местата не се пополнат остануа отворен до пополнувањето.

Конкурсот ќе го спроведе конкурсната комисија во Заводот за запослување на работниците за општините од Скопска околија — Скопје. (512)

НАРОДНИОТ МУЗЕЈ ВО ОХРИД

распишува

КОНКУРС

за пополнување работното место ИСТОРИЧАР во Народниот музеј — Охрид.

УСЛОВИ: Завршен филозофски факултет, група историја.

Плата по Законот за јавните службеници.

Молбите таксирани со 50 динари таксена марка и документите по член 31 од ЗЈС, се доставуваат до Народниот музеј — Охрид.

Конкурсот трае 30 дена од објавувањето, односно до пополнување на работното место. (509)

На основа член 244—245 од Законот за јавните службеници и член 39 од измената и дополнението на Законот за јавните службеници од 1. VIII. 1962 година, како и Правилникот за спроведување на конкурсите за пополнување местата на наставниот и воспитен персонал во училиштата и другите воспитни установи, Советот за просвета на Народниот одбор на Битолска околија

распишува

РЕДОВЕН КОНКУРС

за пополнување на слободните службенички места на наставниот и воспитниот службенички персонал во училиштата и установите од подрачјето на Народниот одбор на Битолска околија, за учебната 1963/64 година

НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

I. Електромашински училишен центар „Ѓ. Салај":

1. Професори за математика 2
2. Професор (инженер) или стручен наставник за машински елементи 1
3. Професор (инженер) или стручен наставник за механ. технологија 1
4. Професор (инженер) или стручен наставник за погонска група предмети 1
5. Професор (инженер) или стручен наставник за електро група (електрични мрежи, електроника и автоматизација) 1
6. Професор за германски јазик 1

II. Учителска школа „Браќа Миладиновци":

1. Директор 1
2. Професори за македонски јазик 2
3. Професор за руски јазик 1
4. Професор за педагошка група предмети 1
5. Професори за физика 2
6. Професори за математика 2
7. Професор за физичко воспитување 1
8. Професор за техничко образование 1
9. Професори за музичко воспитување 2

III. Земјоделско училиште „Борис Кидрич":

1. Професор за македонски јазик 1

IV. Гимназија „Јосип Броз — Тито":

1. Професори за македонски јазик 2
2. Професори за латински јазик 2
3. Професори за англиски јазик 2
4. Професор за германски јазик 1
5. Професори за историја 2
6. Професор за географија 1
7. Професори за биологија 2
8. Професори за физика 4
9. Професори за математика со нацртна геометрија 5

10. Професори за физичко воспитување 2
11. Професори за општотехничко образование 2
12. Професор за општествено уредување на СФРЈ 1
13. Професор за музичко воспитување 1
14. Професор за ликовно воспитување (со дополнување во Учителската школа) 1
15. Професор за стопански систем на СФРЈ 1

V. Медицинско училиште:

1. Директор 1
2. Професор за историја и политичка економија 1

VI. Училиште за ученици во стопанството „Кочо Рацин“:

1. Професор или наставник за македонски јазик 1
2. Професор или наставник за математика 1
3. Професор за наставник за општество 1
4. Професор или наставник за текстилна група предмети 1
5. Професор или наставник за електро група предмети
6. Професор или наставник за автомеханичка група предмети 1
7. Професор или наставник за металска група предмети 1

VII. Училиште за основно музичко образование:

1. Професор, наставник или стручен учител за клавир 1
2. Стручен учител за практична настава за клавир 1
3. Наставник или стр. учител за виолина 1
4. Наставник или стручен учител за предметот флаута 1
5. Наставник или стручен учител за обоа и клавир 1

VIII. Основно училиште „Трифун Пановски“

1. Управител 1
2. Помошник управител 1
3. Наставник или професор за географија 1
4. Наставник за општотехничко образование 1
5. Наставник или професор за српскохрватски јазик 1

IX. Основно училиште „Тодор Ангелески“:

1. Управител 1
2. Наставник или професор за српскохрватски јазик 1
3. Наставници или професори за англиски јазик 2
4. Наставници или професори за математика и физика 2
5. Наставник или стручен учител за музичко воспитание 1
6. Наставник или стручен учител за физичко воспитание 1
7. Наставник или стручен учител за општотехничко образование 1

X. Основно училиште „Даме Груев“:

1. Помошник управител 1
2. Наставник или професор за македонски и српскохрватски јазик 1
3. Наставник или професор за математика и физика 1
4. Наставник или професор за хемија и биологија 1

XI. Основно училиште „Кирил и Методи“:

1. Помошник управител 1
2. Наставник или стручен учител за музичко воспитание 1

XII. Основно училиште „Гоце Делчев“:

1. Помошник управител 1
2. Наставник или професор за историја 1
3. Наставник или професор за англиски ј. 1

XIII. Основно училиште „Коле Канински“:

1. Помошник управител 1
2. Наставник или професор за макед. јазик 1
3. Наставник или професор за биологија или хемија 2
4. Наставник за математика и физика 1
5. Учител за одделенска настава во село Поешево 1

XIV. Основно училиште „Стив Наумов“:

1. Наставник за физика 1

XV. Основно училиште за возрасни „Таки Даскало“:

1. Управител 1

XVI. Основно училиште „Никола Тесла“:

1. Учители за турски наставен јазик 4
2. Наставник или стручен учител за ликовно воспитување 1
3. Наставник или стручен учител за музичко воспитување 1
4. Наставник за општотехничко образование 1
5. Наставник или стручен учител за физичко воспитување 1

XVII. Основно училиште „Никола Карев“ — Буково:

1. Управител 1
2. Наставник или професор за француски ј. 1
3. Наставник или професор за македонски и српскохрватски јазик 1

XVIII. Дом за женска младина:

1. Управител 1

XIX. Установа за претшколско воспитување „Стреја Мара“:

1. Управител 1

XX. Основно училиште „Глигор Прличев“ — с. Г. Оризари:

1. Управител 1

Услови:

1. За работното место директор на Учителската школа — завршен факултет со 5 години практика и положен стручен испит.

2. За работното место директор на Медицинското училиште — завршен медицински факултет или ВПШ со 3 години практика.

3. За работното место управител и пом. управител под точка VIII, IX, X, XI, XII, XIII и XV — факултетско образование со положен стручен испит. ВПШ со положен стручен испит и над 5 години практика или учителска школа, положен стручен испит и над 10 години практика.

4. За работното место професор — соодветен факултет.

5. За работното место наставник — соодветна ВПШ, факултет или стручно училиште.

6. За работното место под точка XVI/1 — завршена учителска школа.

7. За работното место под XVII/1 — ВПШ со положен стручен испит, или учителска школа со положен стручен испит и над 5 години практика.

8. За работното место под точка XIV/5 — учителска школа со положен стручен испит.

9. За работното место под точка XVIII и XIX — ВПШ или учителска школа со положен стручен испит и над 3 години практика во иста или слична установа.

10. За работното место под точка XX — учителска школа со положен стручен испит и над 8 години практика.

Стан не е обезбеден.

НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНАТА ПРИЛЕП

I. Основно училиште „Рампо Левката" — Прилеп:

1. Наставник по француски јазик 1
2. Стручен учител — наставник по општотехничко образование 1
3. Стручен учител — наставник по музичко воспитување 1

II. Основно училиште „Кочо Рацин" — Прилеп:

1. Наставници по математика — физика 2
2. Наставник по предметот општество и социјалистички морал 1

III. Основно училиште „Гоце Делчев" — Прилеп:

1. Наставник по математика — физика 1

IV. Основно училиште „Кире Гавриловски" — Прилеп:

1. Наставник по математика — физика со дополна на часови во Основното училиште „Гоце Делчев" 1
2. Наставник по историја и општество 1

V. Основно училиште „11 октомври" — Прилеп:

1. Наставник по математика — физика 1

VI. Основно училиште „Добре Јовановски" — Прилеп:

1. Наставник по француски јазик со македонски јазик 1
2. Наставник по математика — физика 1
3. Наставник по српскохрватски јазик 1
4. Наставник по музичко воспитување 1

VII. Основно училиште „Браќа Миладинови" — Прилеп:

1. Наставник за странски јазици: француски или руски 1
2. Наставник по математика и физика 2
3. Наставник по историја и социјалистички морал 1
4. Наставник по музичко воспитување 1

VIII. Основно училиште „Страшо Пинџур" — с. Мало Коњари

1. Наставник по српскохрватски јазик 1
2. Наставник по физика и математика 1
3. Наставник по ликовно и општотехничко образование 1

IX. Основно училиште „Крсте Мисирков" — с. Старо Лагово:

1. Наставник по македонски јазик 1
2. Наставник по македонски и српскохрватски јазик 1
3. Наставници по математика и физика 2
4. Наставник по хемија — биологија 1
5. Наставник по француски јазик 1
6. Управител на училиштето 1

X. Основно училиште „Кирил и Методи" — с. Плетвар:

1. Наставник по математика и физика 1
2. Учител за одделенска настава за паралелката во село Оревоец 1

XI. Основно училиште „Никола Тодоровски" — с. Ракле:

1. Наставник по македонски и српскохрватски јазик 1
2. Наставник по француски јазик 1
3. Наставник по историја и географија 1
4. Наставник по биологија и хемија 1
5. Наставник по математика и физика 1

XII. Основно училиште за образование на возрасни — Прилеп:

1. Наставник по историја 1
2. Наставник по физика 1
3. Наставници по математика 2

XIII. Училиште за основно музичко воспитување — Прилеп:

1. Наставник за клавир 1
2. Наставник за виолина 1
3. Наставник за хармоника 1
4. Наставник по солфеж 1

XIV. Гимназија „Мирче Ацев" — Прилеп:

1. Професор за француски јазик 1
2. Професор за латински јазик 1
3. Професор за математика 2
4. Професор за историја и општествено уредување 1
5. Професор по хемија 1
6. Професори за физика 2
7. Професор за нацртна геометрија 1
8. Професор за музика со хор и оркестар 1
9. Професори за физичка култура 2
10. Наставник за техничко образование 1

XV. Економско училиште „К. Јосифовски — Питу" — Прилеп:

1. Наставник за книговодство 1
2. Наставници за стопанска математика 2

3. Наставник за политичка економија 1
4. Наставник за статистика и коресподенција 1

XVI. Хемиско училиште „Борка Талевски" — Прилеп:

1. Наставник за предметите машини и алати во прехранбена индустрија; техничко цртање и машински елементи; механичка технологија 1
2. Наставник за предметите аналитичка хемија и физикална хемија 1
3. Наставник за предметот испитување на животни намирници 1
4. Наставник за предметите историја, економско општествено уредување и географија 1
5. Наставник по физичка култура и предвојничка обука 1
6. Лаборант 1

XVII. Трговско училиште со практична обука — Прилеп:

1. Наставник по организација и економика на промет 1

XVIII. Медицинско училиште — акушерски смер — Прилеп:

1. Инструктор 1

XIX. Индустриско училиште со практична обука — електро-машински смер „Р. Ристески — Ричко" — Прилеп:

1. Наставник по техничко цртање и машински елементи со конструкции 1
2. Наставник по механичка технологија со машиноалатки 1
3. Наставник по механика, енциклопедија на машините и основа на електротехника 1
4. Наставник по пракса за металостругари 1

XX. Индустриско училиште со практична обука дрвен смер „Трајко Бошковски — Тарцан" — Прилеп

1. Наставник по економска географија, економика и организација на претпријатија 1
2. Наставници по практична настава 2

XXI. Училиште за ученици во стопанство „Цветан Игески" — Прилеп:

1. Наставник за физика — математика 1
2. Наставник за општествено и економско образование 1
3. Наставник за текстилна технологија и кроење 1
4. Наставник за предвојничка обука 1
5. Наставник за пракса од метална струка 1
6. Наставник за дрвна технологија и техничко цртање 1
7. Наставници за метална технологија, метално техничко цртање и ХТЗ 2

Услови:

За работните места под I — 1 завршена ВПШ — соодветна група; под I — 2 завршена ВПШ отсек општотехничко образование и под I — 3 завршено средно музичко училиште.

За работните места под II — 1 завршена ВПШ група математика — физика и под 2 завршена ВПШ соодветна група.

За работното место под III — 1 завршена ВПШ — математика-физика или факултет.

За работните места под IV — 1 и 2 завршена педагошка академија од соодветните групи или завршен факултет на соодветните групи.

За работното место под V — 1 завршена ВПШ или филозофски факултет — соодветна група.

За работните места под VI — 1, 2, 3 и 4 завршена ВПШ соодветна група; а под 5 завршена ВПШ група музика или средна музичка школа.

За работните места под VII — 1, 2 и 3 завршена ВПШ соодветна група; под 4 — завршена ВПШ група музика или средна музичка школа.

За работните места под VIII — 1 и 2 завршена ВПШ соодветна група; под 3 завршена ВПШ соодветна група или средно училиште.

За работните места под IX — 1, 2, 3, 4 и 5 завршена ВПШ соодветна група; за работното место под 6 наставник — учител со над 5 години практика во струката и положен стручен испит.

За работните места под X — 1 завршена ВПШ група математика — физика; под 2 — учителска школа.

За работните места под XI — завршена ВПШ соодветна група. На примените кандидати им е обезбеден бесплатен стан и огрев.

За сите работни места под XII — завршена ВПШ соодветна група.

За сите работни места под XIII кандидатите да ги исполнуваат следните услови: а) завршена ВПШ — отсек музика; б) завршено средно музичко училиште.

За работните места под XIV — 1, 2 и 4 завршен филозофски факултет соодветна група. Под 3, 5, 6 и 7 — природноматематички факултет соодветна група. Под 8 — завршена музичка академија или ВПШ отсек музика. Под 9 — завршена ДИВ или ВПШ отсек фискултура. Под 10 завршена ВПШ отсек техничко образование или средно техничко училиште електротехнички отсек.

За сите работни места под XV — завршен економски факултет.

За работните места под XVI — 1 завршен технички факултет. Под 2 завршен природноматематички факултет или фармацеутски факултет. Под 3 технолог со завршен технички факултет. Под 4 завршен филозофски факултет. Под 5 завршен ДИВ или средно фискултурно училиште (регулирана воената обврска). Под 6 завршено средно хемиско техничко училиште.

За работното место под XVII — завршен економски факултет.

За работното место под XVIII — завршено средно медицинско училиште акушерски смер или сестрински со 5 години практика.

За работните места под XIX — 1, 2 и 3 завршена факултетска спрема од струката или ВСПШ. Под 4 да има завршено мајсторска школа од струката или висококвалификуван металостругар со над 6 години практика.

За работните места под XX — 1 завршен факултет од струката или ВПШ. Под 2 да имаат завршено школа за погонски инженери од струката или висококвалификувани работници или мајстори од струката намештај и градежна столарија со најмалку 5 години работен стаж.

За работните места под XXI — 1 завршена ВПШ соодветна група или природноматематички факултет. Под 2 — ВПШ или висока школа. Под 3 — висока школа или средно текстилно училиште или висококвалификуван работник со над 10 години практика. Под 4 — ВПШ или учителска школа (резервен офицер). Под 5 — висококвалификуван работник со над 10 години практика во струката. Под 6 — соодветен факултет, виша школа или шумарско училиште. Под 7 — висока школа (технолошки факултет) машински смер, ВСПШ или средно техничко училиште.

НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНАТА КРУШЕВО

I. Гимназија „Наум Наумовски-Борче" — Крушево:

1. Професор по мајчин јазик со литература 1
2. Професор по биологија 1
3. Професор по математика 1
4. Професор по физика 1
5. Стручен учител или наставник по општотехничко образование 1

II. Основно училиште „Лирија" — с. Житоше:

1. Учител за паралелка со македонски наставен јазик 1
2. Наставници по било која група предмети 2

III. Основно училиште „Братство Единство" — с. Белушино:

1. Учител-управител на училиштето со шиптарски наставен јазик 1

IV. Основно училиште „Башкими" — с. Алданци:

1. Учител за комбинираната паралелка со шиптарски наставен јазик 1

Услови:

I. За професори во Гимназијата од ред. бр. 1—4 — професори со завршен филозофски факултет или природноматематички факултет; за работното место под 5 — завршена педагошка академија група општотехничко образование.

Посебни услови: За професорите од ред. бр. 1 до 4 обезбеден бесплатен стан и огрев и положајна плата по договор. За наставникот под реден број 1 принадлежности по ЗЈС.

II. За учител во с. Житоше — завршена учителска школа, а за наставниците завршена педагошка академија.

III. За учител во основното училиште — с. Белушино, завршена учителска албанска школа.

IV. За учител во с. Алданци — завршена албанска учителска школа.

За работните места под II и III постојан месечен додаток за работа под тешки услови од 2.000 до 5.000 динари.

НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНАТА МАРИОВО

I. Основно училиште „Борка Талевски" — с. Витолиште:

1. Наставник по историја, географија и општество 1
2. Учител за одделенска настава 1

Одделенски учители за подрачните паралелки:

II. Основно училиште — с. Жиово:

3. Учител за одделенска настава 1

III. Основно училиште — с. Полчиште:

4. Учители за одделенска настава 2

IV. Основно училиште — с. Врпско:

5. Учител за одделенска настава 1

V. Основно училиште „Борис Кидрич" — с. Старавина:

1. Наставник по историја и општество 1
2. Наставник по физичко и општотехничко воспитување 1

VI. За подрачното училиште во с. Груниште:

3. Учител за одделенска настава 1

VII. Основно училиште „Стив Наумов" — с. Бешиште:

1. Наставник за македонски и српски јазик 1
2. Наставник за биолошка група предмети 1
3. Наставник за француски јазик 1
4. Учител за одделенска настава 1

VIII. За подрачното училиште во с. Манастир:

5. Учител за одделенска настава 1

IX. Основно училиште „Иво Рибар-Лола" — с. Маково:

1. Наставник за француски јазик 1
2. Учител за одделенска настава 1

Одделенски учители за подрачните паралелки:

X. Основно училиште — с. Орле:

3. Учител за одделенска настава 1

XI. Основно училиште — с. Рапеш:

4. Учител за одделенска настава 1

XII. Основно училиште с. Чаниште:

1. Наставник за македонски и српски јазик 1
2. Наставник за математика и физика 1
3. Наставник за природните групи предмети 1
4. Наставник за француски јазик 1
5. Учител за одделенска настава 1
6. УПРАВИТЕЛ на училиштето 1

XIII. Основно училиште „Моша Пијаде" — с. Дуње:

1. Наставник за математика и физика 1
2. Наставник за историја и географија 1
3. Наставник за биологија и хемија 1
4. Наставник за македонски и француски јазик 1
5. Наставник за музичко и ликовно воспитување 1

Одделенски учители за подрачните паралелки:

XIV. Основно училиште с. Гудјаково:

6. Учител за одделенска настава 1

XV. Основно училиште с. Вепрчани:

7. Учител за одделенска настава 1

XVI. Основно училиште с. Кокре:

8. Учител за одделенска настава 1

Услови:

За сите наставнички места завршена ВПШ — соодветна група, или учители со подолга практика, а да ги предавале истите предмети. За работното место управител во Основното училиште — с. Чаниште — завршена ВПШ. За сите други работни места завршена учителска школа.

За наставниците и учителите, покрај редовните примања, им следува и посебен додаток за работа и живеење под тешки услови.

НАРОДЕН ОДБОР НА ОПШТИНАТА КУКУРЕЧАНИ

I. Основно училиште (централно) — с. Кукуречани:

1. Управител на централното училиште 1
2. Наставник за музичко воспитување 1
3. Наставник за македонски јазик 1
4. Учител за одделенска настава во подрачната паралелка — с. Драгожани 1

II. Основно училиште — с. Могила:

1. Наставник за македонски и српски јазик 1
2. Наставник за француски и руски јазик 1
3. Наставник за музичко и ликовно воспитување 1

III. Основно училиште — с. Црнсец:

1. Наставник за физика и физичко воспитување 1
2. Наставник за српскохрватски јазик, запознавање на општеството и основи на социјалистичкиот морал 1
3. Учител за одделенска настава 1

IV. Основно училиште — с. Долно Српци:

1. Наставник за математика и физика 1
2. Наставник за историја и географија 1
3. Наставник за биологија и хемија 1
4. Стручен учител за општотехничко образование 1
5. Стручен учител за физичко воспитување 1

V. Основно училиште — с. Стрежево:

1. Учител за одделенска настава 1

Услови:

За работното место под I — 1 да има завршена ВПШ, положен стручен испит и да провел 3 години управителски стаж во развиено основно училиште. За работните места под 2 и 3 да имаат завршено ВПШ — соодветен предмет. За работното место под 4 завршена учителска школа и положен стручен испит.

За работните места под II — 1, 2 и 3 — завршена ВПШ.

За работните места под III — 1 и 2 — завршена учителска школа, положен стручен испит и да го предавале соодветниот предмет две и повеќе години. За работното место под 3 — завршена учителска школа, положен стручен испит или работен стаж над 2 години.

